УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 5

БРОЈ 5

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2018

ГОДИНА 5 БРОЈ 5

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**За издавачот:**
проф. д-р Блажо Боев,
проф. м-р Антонијо Китановски

**Главен и одговорен уредник:**
проф. м-р Антонијо Китановски

**Одговорни уредници и редакциски одбор:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
проф. м-р Горанчо Ангелов
проф. д-р Владимир Јаневски
проф. д-р Илчо Јованов

**Јазично уредување:**
Лилјана Јовановска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Музичка академија
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

## С О Д Р Ж И Н А

**Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
ИСТОРИЈАТОТ И РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ:
ВИОЛОНЧЕЛО И КОНТРАБАС (2) ........................................ 5

**Тихомир ЈОВИЌ**
ПОЛИФОНИЈАТА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА ДОЈДОВМЕ ЗА МЕШАН ХОР
ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ ........................................ 11

**Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
УПОТРЕБА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И
УМЕТНИЧКАТА ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ВТОРИОТ
СТАВ „ЛАМЕНТОЗО“ ОД СИМФОНИЈАТА БРОЈ 5, НА
КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ ........................................ 17

**Ивана ЈАНКОВ**
ДРАМАТУРГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ НИЗ ОСОБЕНОСТИТЕ
НА МУЗИЧКИТЕИ ВОНМУЗИЧКИТЕ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА ВО
КОМПОЗИЦИЈАТА „МАКЕДОНСКО ОРО“ ЗА МЕШАН ХОР ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТОДОР СКАЛОВСКИ........................................ 27

**Зоран НАСТОВ**
АСПЕКТИ НА ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРВИОТ СТАВ
ОД СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ ........................................ 33

**Александар ТРАЈКОВСКИ**
ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА - ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА
МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА ........................................ 39

**Дуња ИВАНОВА**
КОНТЕКСТОТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ ........................ 47

**Милица ШКАРИЌ и Елена ЕФРЕМОВА**
МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК
ПО ПИЈАНО НА 9 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ ........................................ 53

**Бисера ИВАНОВА**
ФОРМА, ОРНАМЕНТИКА, АРТИКУЛАЦИЈА И ДИНАМИКА КАЈ
ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД ДОМЕНИКО ЧИМАРОЗА ........................................ 61

**Петре ШТЕРЈОВ**
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 2 ОП. 21 ВО ЕФ-МОЛ
ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН ........................................ 65

**Петар ТРБОЈЕВИЌ**
МУЗИКАТА НА ФИЛИП ГЛАС, МИНИМАЛИЗМОТ И ТИРОЛСКИОТ
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРЕКЕСТАР ........................................ 71

**Ивана МИЛОШЕВИЌ**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И
ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА ........................................ 75

**Лидија ЈОРДАНОВА**
УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА
ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА .................................................... 81

**Горанчо АНГЕЛОВ**
ФАРИЗ ХАЈРУЛА – ЗУРЛАЏИЈА И ИЗРАБОТУВАЧ НА „КАБА“
ЗУРЛИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА .................................................... 91

**Владимир ЈАНЕВСКИ**
МАШКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОШКА
КЛАСИФИКАЦИЈА .................................................... 103

**Стојанче КОСТОВ**
КРАТОК ОСВРТ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ЕТНИЧКИОТ
ПРЕДЕЛ РАДОВИШКО ПОЛЕ .................................................... 109

**Христијан НИКОЛОВСКИ**
ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА КИНЕТОГРАФИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ................. 115

**Силвестер ПРОЛЕ**
ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО
РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ .................................................... 121

**Љупка СТЕФАНОВСКА**
47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И
ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018) .................................. 125

**Горан ВАСИЛЕСКИ**
ИВАНДЕНСКИТЕ ЖЕНСКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО
ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКО ПОЛЕ И ЖЕЛЕЗНИК .................................................... 131

**Тијана ЈАНЕВСКА**
ОРОВОДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ ДУРАЧКА РЕКА ............. 139

**Бојан ПЕТКОВСКИ**
ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ ЛАЗАРКИ
ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ .................................................... 143

**Дени СИНАДИНОВСКИ**
ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ
ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ......................... 149

**Иво СОЛДАТОВИЌ**
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ-ШПАТО .................................. 155

**Мирослав МИЛКОВСКИ**
МУЗИКАТА НА ЧИК КОРЕА .................................................... 163

**784.4+793.31:7.079(497.784)**

# 47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018)

Љупка СТЕФАНОВСКА
ljupka.stefanovska@yahoo.com

**Апстракт:** Во оваа тема ќе зборуваме за еден од најстарите фолклорни фестивали на народни игри и песни во државата, „Илинденски денови“ – Битола. По згаснувањето на двата фолклорни фестивали, формирани по Втората светска војна на 11 Октомври 1947 година, од група ентузијасти се создава и формира нова фестивалска сцена за презентирање на повеќе музичко-фолклорни специфики и различности. На тој начин се ревитализира традицијата и архивира нашето културно наследство, со навраќање кон минатото и оживување на целата традиција. Сето тоа живее и се оживува до ден денес, како доказ за неисцрпноста и огромниот извор на нашата културна, музичка, игроорна и песнопојна традиција.
***Клучни зборови*:** фестивал, формирање, развој, институционална трансформација, семакедонски, мултикултурен и интернационален фестивал

## Вовед

Тенденцијата за истакнување на традиционалните културни вредности кај народот по Втората светска војна, довела до одржување на двата фолклорни фестивали на македонскиот народ и на малцинствата, на 11 Октомври 1947 година во Битола и Штип. Двата фестивали биле укинати од необјасниви причини. Со цел да ги запознаат и да се презентираат вредни богати културни содржини на аматерите од областа на фолклорот, 1971 година се формира и Државниот фестивал на народни игри и песни „Илинденски денови“ – Битола, кој опстојува до денес цели 47 години. Оваа манифестација придонесува сценско презентирање и афирмирање на најголем дел од нашата обичајна, игроорна, инструментална и песнопојна традиција низ годините, нејзино зачувување од заборавот, како и нејзино прифаќање од младите генерации од државата и надвор од неа, како инспирација во нивното творештво и во културната надградба воопшто. Од формирањето до денес фестивалот функционира како институција со свои придружни манифестации, расте и се надоградува. Од 2017 година фестивалот „Илинденски денови“ – Битола, е признат како Интернационален ЦИОФФ фестивал. Тоа бара нови стандарди и критериуми за фестивалот, а тоа значи нови предизвици и достигнувања како за фестивалот, така и за стручниот кадар кој функционира во цела таа институција.

## 1. ПОЧЕТОЦИ НА ФЕСТИВАЛОТ

### *1.1. Формирање на фестивалот*

По иницијатива на група стручни лица, ентузијасти, културни работници и луѓе вљубеници во традицијата, во 1971 година е формиран Републичкиот фестивал за народни игри и песни „Илинденски денови“ – Битола. Фестивалот е поддржан од Собранието на Општина Битола, културно-просветните заедници на Македонија и Битола, а под покровителство на Собранието на Република Македонија. Авторот Валентин Соклевски пишува дека за успешна и професионална реализација на Фестивалот, како и формирање услови за развој на истиот, со Решение бр. 01-4851/1 од 9 јули 1973 година на Собранието на Општина Битола, фестивалот прераснува во Установа за народна култура „Илинденски денови“ Битола, како институција со посебен интерес и в.д.директор м-р Кирил Танчевски (Соклевски, 2010: 42). За целосно функционирање на Фестивалот пак, како што кажува Танчевски, бил избран и фестивалски одбор составен од културни творци, работници и членови на власта на РМ. Претседател на првиот фестивалски одбор бил Гога Николовски, потпретседатели Трајан Гошевски и Илија Алушевски, а секретар Томе Василевски (Танчевски, 1995: 11).

### *1.2. Првиот фестивал*

Валентин Соклевски во својата книга пишува дека првиот Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ Битола, се одржал од **30 јули – 2 август 1971**

година, во летната бавча на Домот на армијата во Битола, со учество на 20 фолклорни ансамбли од цела Македонија (Соклевски, 2010: 41). Почетокот на фестивалот бил означен со големо дефиле по улиците на градот, а програмата започнала со голем огномет.

### *1.3. Селекција на групи и КУД*

Селекцијата, односно изборот на фолклорните групи и КУД за учество на фестивалот на почетокот го спроведувала Селективната комисија која ги посетувала групите и друштвата во градовите и селата каде што делувале. Подоцна изборот бил реализиран на регионалните фолклорни смотри кои се одржувани на неколку пунктови во државата, каде што биле селектирани најдобрите фолклорни групи и КУД за учество на Фестивалот, пишува Танчевски (Танчевски, 1995: 10–11). Заради поголема ефикасност, рационалност и можност за повеќекратно разгледување на предложената програма, денес селекцијата се врши преку видеоснимка.

### *1.4. Програмски концепт*

Првичниот концепт на програмата од Фестивалот бил составен од фестивалски вечери и придружни манифестации. Фестивалот започнувал со големото Дефиле под наслов *Со песни и игри низ битолските улици,* на кое се приклучувале и граѓани облечени во градски и селски носии со свадбарски коли, чези, пајтони и слично. Во фестивалската програма која се реализирала во четири вечери учествувале групи од различни возрасти кои се претставувале со изворни, автентични традиционални содржини, групи со староградски фолклор и групи кои презентирале новосоздадени фолклорни содржини кои ги имаат зачувано основните обележја на нашата орска и песнопојна традиција. Од играчкиот дел биле презентирани воопшто непрезентирани и неафирмирани ора, додека од вокалната традиција биле застапени содржини од најстарото „викоечко“ пеење. Најкористени инструменти на сцената биле: *гајдите, кавалите, шупелките, ќемането, тамбурите и тапаните.* Во склоп на фестивалот се одржувал и *Илинденскиот караван* во чии рамки групите и ансамблите гостувале во соседните општини и населени места.

### *1.5. Награди и признанија*

Во првите години, според Кирил Танчевски, пракса било на крајот од фестивалот да се прогласуваат три најдобри друштва, при што им се доделувале награди во вид на *златен, сребрен и бронзен игроорец*. Таа пракса набргу била прекината (Танчевски, 1995: 17–19). *Со цел да се мотивираат групите и ансамблите да ја унапредат својата работа, како и да се афирмираат најквалитетните, од 1992 година повторно се воведуваат награди за најуспешните групи и ансамбли кои што ги доделува стручна комисија врз основа на пропозициите за учество на фестивалот* – кажува во својата изјава Владимир Јаневски, член на жири-комисијата на фестивалот (Јаневски, 2017: 5).

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ И ПРОГРАМСКИ ТРАНСФОРМАЦИИ

### *2.1. Развој на фестивалот*

Големиот интерес кој го предизвикал фестивалот, како кај стручната јавност, така и кај публиката, довеле до дислоцирање на сцената на Фестивалот и тоа од *Домот на АРМ* во Битола, на *Ракометното игралиште* во Битола, со што се зголемил и бројот на гледачи. Според Соклевски, од 1972 година Фестивалот се одржува на *Ракометното игралиште* во Битола, а свечено се отвора со орото *Комитската легенда* во изведба на КУД „Илинден“ од Битола (Соклевски, 2010: 40–42).

### *2.2. Институционална трансформација*

По повеќегодишно успешно функционирање на Установата „Илинденски денови“ – Битола, на 22. XII 2003 година, со одлука бр. 23-5574/1 од Владата на Република Македонија, Службен весник бр.84/2003, со која се утврдува мрежата на национални установи од областа на културата, се обединуваат Спомен домот на културата – Битола и УНК „Илинденски денови“– Битола и продолжуваат да работаат како *Национална установа центар за култура* – Битола.

Во 2017 година, на Светскиот конгрес на Интернационалната федерација на фолклорни фестивали и фолклорна уметност ЦИОФФ во Индонезија, е врачен сертификат за фестивалот „Илинденски денови“ – Битола, со кој истиот е признат како Интернационален ЦИОФФ фестивал.

***2.3. Семакедонски, мултикултурен и интернационален фестивал***

Во рамките на програмскиот концепт на фестивалот особено значење му се дава на учеството на групите и друштвата на привремено вработените во странство, на иселениците во прекуокеанските земји, како и групите на Македонците кои живеат во околните земји, затоа фестивалот „Илинденски денови“ го носи и епитетот семакедонски. Мултикултурниот аспект пак, на фестивалот, се потврдува преку презентирањето на народната култура на заедниците кои живеат во Република Македонија. Од 80-тите години на минатиот век на фестивалот учествуваат по 3–4 групи и ансамбли од европските и воневропските држави кои го презентираат нивниот автентичен фолклор, но со текот на годините бројот на групи се зголемува, така што денес фестивалот е дел од ЦИОФФ мрежата на светски фестивали, на кој учествуваат 5 групи и ансамбли од светот.

***2.4. Промена на концептот на фестивалот***

Во 2010 година, по повеќедецениско функционирање на Фестивалот со еден концепт, Советот на фестивалот, на предлог на Валентин Соклевски (долгогодишен режисер, стручен соработник, реализатор, член на селективната комисија како и на Советот на фестивалот), а во консултација со стручни лица соработници на фестивалот од академската и стручната јавност, прави промена на концептот на фестивалот кој е во функција до денес. Во рамките на тој концепт четирите фестивалски вечери ја добиваат следната програмска структура:

- Две фестивалски вечери на традиционална музика и игра;
- Една вечер на староградска музика и игра;
- Една вечер на интернационална музика и игра.

Во рамките на тој концепт во рамките на придружните манифестации, покрај традиционалното дефиле *Со песни и игри низ битолските улици,* се воведуваат вокално-инструменталната манифестација *Ехо од дамарите, проекција на етно филмови*, манифестација *Песна и оро на Широк сокак,* како и манифестацијата *На пладне во чаршија*. Во новиот концепт на фестивалот е вклучена и дислокација на фестивалските содржини и манифестации на голем број локации во Битола и тоа во Битолската чаршија, Културниот центар *Магаза, Широк сокак*, терасата на *Домот на АРМ – Офицерски, Пациото на Завод и Музеј Битола*, театарот во античкиот локалитет *Хераклеа*, каде што секој ден за време на фестивалот, староградските групи, фолклорните групи и ансамбли, како и инструменталистите, настапуваат со своја програма.

***2.5. Изложбена активност како дел од придружните манифестации***

Изложбената активност во склоп на фестивалот почнала да функционира од самиот почеток, во организација на Установата за народна култура „Илинденски денови“ – Битола.

- *1971 – Изложба на македонски народни носии* – во соработка со Етнолошкиот музеј на Македонија
- *1972* – Изложба на *музички народни инструменти од Македонија*
- *1973* – Изложба на *македонска народна уметност*
- *1979* – Изложба на *македонски народни везови*
- Од 1975 година традиционална детска ликовна изложба – *Народната култура како трајна инспирација во моето творештво.*
- *1982 – Материјлната и духовна култура на Македонците муслимани* – Во соработотка со Друштвото на Македонците муслимани од Скопје
- Традиционалната државна изложба на ракотворби и сувенири – 1983
- Изложбата на ликовниот уметник Панде Петровски – *1987 – Селската архитектура во Битолско*
- *1995 – Битолски карневал* – на кој учествувале 24 групи и други учесници.

***2.6. Стручно-научни и едукативни активности***

Во 1980 година бил организиран меѓународен научен собир, во соработка со Македонската академија на науките и уметностите и Друштвото за наука и уметност од Битола, на тема *Фолклорот и етнологијата на Битола и Битолско,* на кој учествувале научни работници од земјата и од странство, како што пишува Танчевски (Танчевски, 1995: 22). Стручните работници на Установата учествувале и успешно биле вклучени во Проектот за проучување на материјалната и духовната култура на македонските муслимани и материјалот е публикуван. За време на фестивалот се одржувале и стручни советувања на кои настапувале познати фолклористи со свои предавања.

Од 2009 година во соработка со проф. д-р Владимир Јаневски, Катедрата за етнокореологија на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, како и ДБМУЦ „Илија Николовски – Луј“ од Скопје, едукативната активност на фестивалот е збогатена со *Семинарот за традиционална музика и игра* кој во континуитет се реализира за време на одржувањето на во фестивалот „Илинденски денови“ и му дава нова стручно-научна и едукативна димензија, како што кажува и самиот Јаневски во својата изјава (Јаневски, 2011).

**2.7. Архива**

Покрај фотографиите кои се присутни и архивирани уште од почетоците, од 1983–84 година, постои видео и ЦД архива од фестивалските вечери.

Републичкиот фестивал „Илинденски денови“ – Битола, цели 47 години, како што дознаваме од Соклевски, својата дејност и мисија ја реализира преку следните поставки:

- Системско истражување, зачувување, едукација, презентација и сценска валоризација на автохтоните изворни содржини, од богатото духовно и материјално културно наследство;
- Поттикнување, потпомогнување и стимулирање на нашиот човек во татковината или било каде низ светот, за зачувување и пренесување на народните културни вредности на идните генерации;
- Воспоставување на духовен мост со сите светски вљубеници во нашата и светската културна традиција;
- Создавање на привлечна и репрезентативна сцена за стручно и научно проучување на народната култура (Соклевски, 2010: 41).

**Заклучок**

На фестивалот од неговото основање до денес, учествувале околу 1500 фолклорни групи и ансамбли со преку 50.000 игроорци и инструменталисти. На сцената се имаат претставено преку 80 групи од нашите иселеници, како и околу 40 групи на Македонци од соседните земји, Бугарија, Грција, Албанија. Се претставиле и групи на Албанците, Турците, Власите, Ромите и останати припадници на етничките заедници во Македонија. Во изминатите 47 години зеле учество и околу 130 фолклорни групи и ансамбли на европски и воневропски народи и тоа од: Австралија, Америка, Англија, Канада, Бразил, Мексико, Чиле, Јапонија, Франција, Холандија, Италија, Унгарија, Белгија, Шведска, Германија, Полска, Чехословачка, Романија, Молдавија, Турција, Грција, Бугарија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. Голем број од овие фолклорни групи и ансамбли на сцената презентирале македонски фолклор. Фестивалот, дефилето, фестивалскиот караван, изложбите и останатите придружни манифестации, ги проследиле преку 2.800.000 посетители.

Незаменливото значење и мисијата на фестивалот, а тоа е зачувувањето на обичајната, орската, инструменталната и песнопојната традиција, му даваат голема вредност и признание на манифестација, со која се зачувуваат од заборав нашите нематеријални богатства. Преку фестивалот, кој претставува друга форма на презентирање на изворната музика, се доаѓа до реализирање и претставување на едно место повеќе музичко-фолклорни културни специфики и различности (Величковска, 2018: 15).

**Користена литература:**

1. Величковска, Р. (2018). Улогата на фестивалите во афирмацијата и зачувувањето на изворната музичко-фолклорна традиција во Македонија и во светот, *Зборник на трудови X, Илинденски денови, Битола*.
2. Јаневски, В. (2011). *Изјава за ТВ Тера, https://www.youtube.com/watch?v=LHqvr4zGq90*
3. Јаневски, В. (2017). *Билтен бр.5,* Фестивал „Илинденски денови" – Битола.
4. Соклевски, В. (2010). *„40 години традиција" Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови"– Битола 1971 – 2010,* НУ Центар за култура – Битола.
5. Танчевски, К. (1995). *„25 години државен фестивал на народни игри и песни „Илинденски денови"– Битола1971 – 1995",* Установа за народна култура „Илинденски денови" – Битола.
6. Танчевски, К. (1973). *Билтен III – Два Илиндена,* Институција за народна култура „Илинденски денови" Републички фестивал на народни игри и песни – Битола.
7. Танчевски, К. (1983). *Билтен XII,* УНК „Илинденски денови" – Битола.
8. Танчевски, К. (1984). *Билтен XIV,* УНК „Илинденски денови" – Битола.